РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1014/2
06.06 20 24 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Центар за економски анализи, Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, со број 10-1014/1 од 15.05.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Центар за економски анализи Бул. Јане Сандански 63/3, 1000 Скопје, заверено под број 10-1014/1 од 15.05.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен, **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Центар за економски анализи, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 17.05.2023 година заверено под број 10-1014/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација: Граѓански буџет, извештај од надворешна ревизија од 2019-2023, отчет за 2023, присуство на граѓаните на седниците на совет, начин на информирање на граѓаните за јавните расправи или седници на совет, дали извршната власт организирала јавна расправа за завршна сметка за 2023 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

Општина ресен нема изготвено граѓански буџет, а забелешките и барањата од граѓаните кои се добиени преку одржани собири со граѓани, собири со млади и други заинтересирани групи се вградени во Буџетот за 2023 година и истиот можете да го најдете на нашата веб стпана; извештај од надворешна ревизија 2019-2023 год нема – последен извештај има за 2015 година и објавен е на веб станата на Општина Ресен. Отчет за 2023 нема; Седниците на Советот се јавни – Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер, заинтересаните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот по претходно одобрение од Претседателот на Советот; Општината граѓаните ги информира на следното: на општинската веб страна редовно се објавуваат дневен ред од седницата на Советот и во службени гласници се објавуваат донесените акти; Извшната власт нема организирано јавна расправа по повод завршна сметка за 2023 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

Изработил: Аријан Лумани
Контролирал: Зухра Алиовска
Одобрил: Зоран Кипревски